12-827/3
24.04.25

Врз основа на член 24 став (2) точка 10) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 23 став (1) точка 4) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и 01-209/1 од 30 јануари 2023 година, а во врска со член 90 став (2) точка 5) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 април 2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одобрување на Одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија

1. Со ова решение се одобрува Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија доставена од Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје.
2. Одлуката од точка 1 на ова решение е дадена во Прилог кој е составен дел на ова решение.
3. Се задолжува Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје да ја донесе одлуката од точка 1 на ова решение и да ја објави на својата веб страница.
4. Ова решение се доставува до Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Операторот за пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје, кој е и оператор на организиран пазар (во понатамошниот текст: ООПЕЕ) до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (понатаму: Регулаторна комисија за енергетика) достави барање за одобрување на износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр. 12-827/1 од 14 април 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика на состанокот одржан на 23 април 2025 година побара ООПЕЕ да направи номотехничко подобрување на текстот и да достави на одобрување одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија. ООПЕЕ на 23 април 2025 година достави Одлука за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија бр. 10-4996/3 од 23 април 2025 година, заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-827/2 од 24 април 2025 година.

Врз основа на член 24 став (2) точка 10 од Законот за енергетика*, а во врска со член 90 став (2) точка 5) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика ја разгледа и ја одобри Одлуката за износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија на седницата одржана на 24 април 2025 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-827/3**
**24 април 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**